Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 91, 1 ноември 2012 година

ноември 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област електронски компоненти и теорија на информации и комуникации на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област превентивна стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното подрачје биофармација и броматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на три наставника во сите звања за наставно-научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на три наставника во сите звања за наставно-научна област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на три наставника во сите звања за наставно-научна област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Економска географија“ (учебник) од авторот проф. д-р Ристе Темјановски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 86

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Програмирање и оптимална еволутивна оперативност на процеси во реални услови” од кандидатот м-р Александар Крстев, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 91

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 95

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука бр. 1602-233/4 донесена на 75. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 19 октомври 2012 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-научно звање ***доцент*** за научната област ***деловно право*** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– проф. д-р Гале Галев, редовен професор во пензија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член),
– проф. д-р Горан Коевски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател на Комисијата),
– проф. д-р Војо Беловски, доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“ на 5 октомври 2012 год. и во предвидениот рок се пријавила само кандидатката д-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на пријавата и доставената документација и нивното разгледување, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 5 октомври 2012 год., на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *деловно право* се пријавила кандидатката д-р Борка Тушевска.

Кандидатката ги приложи следниве документи:

– пријава;
– диплома за докторат во полето на правните науки (три копии заверени на нотар);
– кратка биографија (во четири примероци);
– потврда за познавање на англиски јазик;
– список на научни и стручни трудови;
– примерок од трудовите;
– примерок од докторската дисертација;
– уверение за државјанство.

Врз основа на поднесената пријава, како и според приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

***Биографски податоци***

Кандидатката **Борка Тушевска** е родена на 20 декември 1982 година во Гевгелија, Р. Македонија. Основно образование завршува во училиштето „Петар Мусев“ во Богданци, а средно образование завршува во СОУ „Богданци“ во Богданци. Во учебната 2001/2002 год. се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2006 година го завршува Правниот факултет со просек 9.70 и се стекнува со звање дипломиран правник.

Во 2006 година, кандидатката се запишува на постдипломските студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во декември 2008 година таа успешно го одбранува својот магистерски труд на

тема „*Понудата и нејзината обврзност во меѓународната продажба на стоки*“ со што ги завршува постдипломските студии со просечен успех 10 и се стекнува со звање магистер на правни науки од областа на деловното право.

Во јануари 2009 година, кандидатката пријавува докторат на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на тема „*Шпедицијата во домашниот и меѓународен промет на стоки*“. Во декември 2011 година таа успешно го одбранува својот труд и се стекнува со звање доктор на правни науки.

Во поглед на нејзиното професионално искуство и ангажман, кандидатката Тушевска во 2006 година се вработува како адвокатски приправник во Адвокатска канцеларија „Кочовски“ во Скопје, каде што почнува да ги изучува практичните аспекти на правото, применувајќи ги своите теоретски знаења. На крајот од 2006 година, кандидатката се вработува во Дирекцијата за правни работи на АД Македонска банка - Скопје. Во 2007 година е избрана во соработничко звање помлад асистент, а од 2010 година, по истекот на изборниот период од три година, избрана е и како асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во областа на деловното право. Професионалните ангажмани и научниот интерес што кандидатката го покажува се во сферата на договорното и трговското статусно и прометно право. Тргнувајќи од темите што кандидатката досега ги има обработувано, за забележување е нејзиниот интерес за мултидисциплинарен приод на истражување што се движи во рамки на правните и економските науки.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Следејќи ги своите амбиции кон научноистражувачка работа во полето на правните науки, истовремено и своите професионални ангажмани, кандидатката д-р Борка Тушевска реализира наставна и научноистражувачка дејност. За забележување е нејзиниот посебен интерес кон статусното трговско, договорно право и правото што ги уредува меѓународните трговски договори. Токму во ова проблематика, кандидатката има објавено една научна монографија и повеќе стручни трудови.

Во периодот од 2007 до 2012 година, како соработник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, таа е активно вклучена во реализирањето на вежбите по предметите: Општ дел граѓанско право (2+2+1), Граѓанско процесно право (2+2+1), Право на друштвата (2+2+1), Трговско право (2+2+1), Договорно право (2+2+1), Меѓународни трговски договори (2+2+1) и Европско деловно право (2+1+1).

***Учество на меѓународни обуки, студиски престои и истражувачки проекти***

Декември 2009 година: учество на конференција во рамките на Европската академија за право, тема „Новитетите во Европа на полето на транспортното право“, Триер (Германија).

Септември 2010 година: учество на конференција во рамките на Европскиот институт за транспорт во Единбург, тема „Улогата на внатрешните пристаништа во увозот и извозот на стока“, Единбург (В. Британија).

Ноември 2010 година: учество на конференција во рамките на Европскиот институт за транспорт во Единбург, тема „Одржливоста на урбаниот траснпорт“, Глазгов (В. Британија).

15 септември – 15 ноември 2010 година: Студиски престој на Институтот за транспорт (TRI) во Единбург, како стипендист на British scholarship Trust.

Јануари 2011 година: Регионална конференција за граѓанско право на форумот за Југоисточна Европа (Civil Law Forum for South East Europe – МАНУ - Скопје).

Октомври 2012 година: Меѓународна конференција за правните аспекти за заштита на правата на морето, Naples Eastern University (Наполи, Италија).

***Кандидатката е вклучена во еден домашен и два меѓународни тековни проекти:***

- 2010 – тековен: помлад истражувач на Проект „*Правните аспекти на формите и факторите за мобинг во Република Македонија*“, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- 2010 – тековен: помлад истражувач на Проект „*Земјишен менаџмент во Украина и Македонија*“, Градежен факултет – Скопје;

– 2012 – тековен: истражувач на Проект „Правните аспекти за заштита на правото на морето“, Европска координација за наука и технологија.

***Список на научни и стручни трудови:***

**Тушевска Б., 2009. „Меѓународно-правни аспекти на понудата“, Монографија, Алфа 94, Скопје**.

Овој труд претставува публикација на магистерскиот труд на д-р Борка Тушевска. Трудот опфаќа: вовед, четири глави и завршни согледувања во коишто се сумирани резултатите од истражувањето на проблематиката. Овој труд претставува обид да се разјаснат одредени дилеми околу прашањето за поимот на понудата и нејзината обврзност во меѓународната продажба на стоки. Фокусот на истражувањето е на разјаснувањето на прашањето за склучувањето на договорот, правното дејство на понудата и нејзината обврзност.

Во првата глава се анализираат основните прашања за понудата и нејзиниот акцепт како две дејствија од кои се состои склучувањето на договорот. Посебен акцент во истражувањето се става на компаративно-правните аспекти на дефинирање на понудата, односно нејзината определба во различните правни системи во светот и меѓународните аспекти. Во трудот се опфатени правната уредност на понудата во меѓународните извори на трговска продажба, како и дел од меѓународната судска и арбитражна практика коишто зборуваат во прилог на становиштата што ги поддржуваат меѓународните извори на трговското договорно право.

Во втората глава фокусот е ставен на белезите на понудата. Се анализираат прашањата за содржината на понудата, формата како облик во кој се појавува понудата, општата понуда што се обработува во речиси сите национални законодавства со цел истражувањето да се заокружи со прашањето за конечноста на понудата, како основа за нејзината (не) обврзност.

Во третата глава се обработува прашањето за обврзноста на понудата, односно можноста за нејзино отповикување, како и разликата којашто се прави помеѓу повлекување и отповикување на понудата. Разликата се покажува како во поглед на прашањето дали и под какви услови отповикувањето е можно, така и во поглед на временската рамка во којашто понудата може да биде отповикана. Тука се укажува на разликите што различните национални законодавства ги прифаќаат во поглед на обврзноста на понудата, односно постоењето заеднички правила во поглед на прашањето за обврзноста на понудата. Целта во оваа глава, оттаму, е да се согледаат разликите помеѓу системите и да се утврди потребата од обврзност на понудата во меѓународната продажба. Во оваа глава, кандидатката дава одговор на прашањето што е тоа што ја наметнува потребата од внесување на sans anagementg клаузулата во рамките на понудата за меѓународната продажба и дали внесувањето на оваа клаузула, само по себе, покрај практичните моменти, носи и определен ризик којшто за субјектите во продажбата може да повлече негативни последици.

Во четвртата глава се елаборира прашањето за правилата на меѓународното приватно право – колизионите норми, што се применуваат на понудата и нејзината обврзност. Преку анализа на колизионите норми се утврдуваат точките на врзување предвидени во нашиот ЗМПП и притоа се укажува на важност на правилата за меродавното право во случај на спор што произлегува од различните сфаќања на поимот на понудата и нејзината обврзност.

По секоја од наведените глави следи заклучок во кој се сумираат резултатите од истражувањето спроведено во секоја од нив. Сите овие заклучоци се сумираат во еден конечен заклучок што се наведува во заклучните согледувања на тезата.

**Тушевска Б., 2009. „Правната способност на трговските друштва по отворањето на стечајната постапка“, Друштво за наука и уметност, Прилеп**.

Во овој труд д-р Тушевска анализира и елаборира едно прашање коешто има посебно практично значење во стопанството и тоа: трансферирањето на правната/деловната способноста на трговските друштва врз коишто е отворена стечајна постапка. Тргнувајќи од опрделувањето на поимот на правна и деловна способност на правните лица, д-р Борка Тушевска прави обид да го елаборира прашањето како трговските друштва го губат својот

правен субјективитет и кои се правните импликации од отворањето на постапката. Во трудот, д-р Тушевска ги анализира и елаборира правните последици коишто се поврзани со губењето на деловната способност на друштвото – воведувањето на стечајниот управник како орган на управување, односно преземањето на правата и обврските што органите на управување ги реализираат пред отворање на стечајната постапка. Од посебно значење за трудот е фактот што се расчистуваат одредени прашања коишто во практиката создаваат големи дилеми и тоа: може ли стечајниот управник да свика собир на содружници по отворањето на стечајната постапка, кои и какви договори може да склучува друштвото итн., надоврзувајќи ја улогата на стечајниот управник во нивната реализација.

**Тушевска Б., 2009. „Молчењето како начин на изразување на волјата", Правник (Здружение на правници), Скопје.**

Во овој труд д-р Тушевска своето внимание го фокусира на прашањето: какво е правното дејство на молчењето во домашното право од аспект на постоечките решенија, компаративно правните и решенијата содржани во меѓународните извори на правото со посебен акцент на Виенската конвенција за меѓународна продажба на стока и Принципите на европското договорно право.

Таа најпрво тргнува од генерално прифатеното решение по ова прашање, за понатаму во текстот да ги обработи исклучоците предвидени во поглед на генералното решение. Низ текстот Тушевска укажува на неусогласеноста на општите одредби од ЗОО коишто се однесуваат на санкцијата предвидена за налогопримачот во случај на негова апсолутна пасивност во однос на понудата и *les specialis* одредбите од ЗОО во делот кој што го уредува договорот за налог. Таа прави приказ на споредбено - правните решенија и решенијата содржани во меѓународните извори на правото, истакнувајќи негативна критика во поглед на решенијата содржани во ВК и Ландо начелата по ова прашање. За д-р Тушевска молчењето под определени во законот утврдени услови треба да претставува прифаќање на понудата од причина што ваквото решениетo е во согласнот со брзиот и ефикасен промет и не постои никаква опасност од загрозување на правната сигурност.

**Тушевска Б., 2009. „Понуда на неопределени лица - општа понуда", Правник (Здружение на правници), Скопје.**

Во овој труд д-р Тушевска се задржува врз правното регулирање на општата понудата во домашното законодавство, со анализа и елаборирање на споредбено-правните законици, меѓународните текстови од аспект на постоечките решенија. Трудот е посветен на општата понуда како предлог за скучување на договор упатен кон неопределен број на лица, што му овозможува на предлагачот за склучување на договор преку една понуда да влезе во повеќе облигационоправни односи со иста содржина договори.

Тушевска најпрво се задржува врз детерминирањето на поимот на општата понуда и на истакнувањето на тоа во што се состои општоста на понудата. Тргнувајќи од домашните, преку споредбено-правните решенија и решенијата содржани во меѓународните текстови (Виенската конвенција за меѓународна на стока, Ландо начелата, UNIDRIOT принципите), таа ја определува суштината на поимот на општата понуда, нејзината оправданост, елементите коишто ја детерминираат, за на крај да го заокружи трудот со констатацијата дека законодавецот на сите правни системи коишто го признаваат институтот општа понуда го решава прашањето – за кое количество на стока понудувачот е спремен да ја изврши обврската. Тушевска резимира дека покрај тоа што мора да биде исполнет објективниот елемент (суштествените состојки), за определен предлог за склучување на договор претставува понуда потребно е да биде исполнет и субјективниот елемент (animus contrahendi) кој во понудата, независно до тоа дали станува збор за понуда упатена кон определено лице и за општа понуда, мора да биде присутен.

**Тушевска Б., 2009. „Мерки на одбрана од непријателско преземање", Зборник на Правниот факултет, Штип.**

Трудот претставува синтеза на модерното компаниско право и корпоративна практика. Преку анализа на мерките на одбрана од непријтелско преземање е елаборирана

најсложената и најкомплексната материја во делот на преземањето на акционерските друштва. Во овој труд д-р Борка Тушевска посветува внимание на едно особоено интересно и важно прашање за развојот на мерките на одбрана од непријателско преземање и тоа: непосредната врска на ова проблематика со политиката што државите ја креираат во поглед на условите што им се оставаат на помоќните компании да ги преземат помалите. Ова посебно е битно од аспект на можноста за создавање на концентрации и злоупотреба на монополската/доминантната позиција на пазарот, односно создавањето на нелојална конкуренција. Тушевска резимира дека земјите што се повеќе отворени за влез на странски капитал акцентот го ставаат на развојот на преземањето односно пазарот на корпоративна контрола. Сепак останува на становиштето дека секое преземање коешто е реално во интерес на друштвото и акционерите би требало да се поддржува. Ова во смисла на тоа што голем број од мерките на одбрана претставуваат вештачка творевина на менаџментот на компанијата преку која исклучиво се штитат личните позиции на директорите.

**Тушевска Б., 2011. „Акредитивот како средство за плаќање во меѓународниот промет“, Зборник на Правен факултет, Штип.**

Трудот претставува анализа на позицијата на акредитивот во меѓународната продажба на стока, како особено важно платежно средство во меѓународната продажба. Во трудот д-р Тушевска става посебен акцент на значењето што го има акредитивот, врзувајќи го за коносманот како хартија од вредност и можноста за брза и масовна продажба што истиот ја овозможува. Покрај анализата на правните аспекти на акредитивот, Тушевска елаборира дел од економските аспекти и ги доведува во врска со генералното значење на овој платежен инструмент во меѓународната трговија

**Сотироски Љ., Тушевска Б., 2011. „Логистичкиот оператор како перспектива на класичниот шпедитер“, Правник, Скопје.**

Овој труд претставува анализа на прашањето за влијанието на глобалната економија врз бизнисот и пристапот што му го овозможува ширум светот. Во трудот се елаборира диверзификацијата на трговските дејности и акумулирањето на капиталот во неколку центри за логистика, што претставува особено значајно прашање во услови на модернизиран бизнис. Следејќи го европското и меѓународното сценарио во делот на логистиката, кандидатката ја потврдува констатацијата дека единствената перспектива на класичните шпедитери е нивното работење на логистички принципи. Сето ова д-р Тушевска го доведува во врска со светската економска криза што изврши своевидно влијание врз концентрацијата на капиталот и борбата да се опстане под овие отежнителни околности. Во трудот се констатира дека бројни светски шпедитерски друштва пристапија кон отворање на нови складишта и претставништа, што претставува светски трен и вреди да се следи од страна на компаниите.

**Тушевска Б., 2011. „Скрипта по трговско право“, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет - Кочани.**

Материјалот анализиран и елабориран во оваа скрипта во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Трговско право. Според начинот на којшто е елаборирана материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на скрипта, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правниот факултет во совладувањето на трговското право. Д-р Борка Тушевска успеала на сумарен и прецизен начин да ја презентира материјата што е предмет на изучување на трговското право. Без да навлегува во детали, таа успеала да го издвои битното од помалку битното што е целта на ова скриптата како учебно помагало.

**Тушевска Б., 2011. „Практикум за трговско право“, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет - Кочани.**

Материјалот анализиран и елабориран во практикумот во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Трговско право. Според начинот на којшто е елаборирана материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди

на практикум, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правниот факултет во совладувањето на практичните аспекти на трговското право. Овој практикум постои како логично надополнување на скриптата. Во рамките на практикумот се изработени хетерогени договори од сферата на облигационото право, одлуки донесени од страна на содружници во друштвото, изјави од управителите на друштвото итн. На овој начин студентите ќе имаат можност да го комплетираат своето теоретско знаење, давајќи му апликативна вредност на правото. сосема логично се наметнува на теоретското проучување на ова материја.

**Гавриловиќ, Н., Здравева, Н., Тушевска, Б., 2011. "Unfair Contract Terms in General Contract Law", Civil Law Forum South East Europe.**

Суштинското прашање на проучување во овој труд е прашањето за нечесните клаузули предвидени во договорните односи. Преку паралелна анализа и елаборација на одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за заштита на потрошувачите и Council Directive 93/13, авторите успешно одговараат на неколку прашања од оваа проблематика: дали одредбите за нечесните клаузули се применуваат на B2B договорите, дали постои правна дефиниција за поимот на „нечесните клаузули", кои околности треба да се земат предвид од страна на судовите кога судат за нечесните клаузули, земајќи ја предвид домашната легислатива и сл.

**Тушевска, Б., „Правната рамка на мултимодалниот транспортен оператор и правните односи помеѓу учесниците во мултимодалниот транспорт", Здружение на правници (Правник), Скопје.**

Авторот во овој труд проучува одредени правни дилеми врзани за концептот на одговорност на мулгимодалниот транспортен оператор како перспектива на класичниот шпедитер. Преку анализа на правните односи помеѓу налогодавачот, мултимодалниот транспортен оператор и корисникот на услугите од него, авторот ги лоцира потенцијалните правни проблеми во поглед на определувањето на одговорноста за пропаднатата или оштетената стока. Најголемата придобивка на трудот се огледа во укажувањата на авторот за видот и обемот на одговорност со која се товари мултимодалниот транспортен оператор. Конечно, во трудот авторот дава предлог-решенија што водат кон редуцирање на потенцијалните проблеми од аспект на надомест на штета.

**Приказ на докторската дисертација на д-р Борка Тушевска со наслов „Шпедицијата во домашниот и во меѓународниот промет на стоки".**

Докторската дисертација на кандидатката д-р Борка Тушевска има 424 страници текст распореден во вовед, девет глави, завршни согледувања и користена литература. При истражувањето и пишувањето на дисертацијата се користени 700 библиографски единици, 30 судски и 10 арбитражни пресуди во функција на потврдување на одредени теоретски становишта на кандидатката.

Во воведот, најпрво се дефинира и поставува основната теза на докторската дисертација. Оваа теза е работна, во смисла што оправданоста на нејзината формулација произлегува од секоја индивидуална анализа што се спроведува во секоја од тематските глави.

Во првата глава се анализира поимот на шпедицијата како специјализирана трговска дејност, истакнувајќи го нејзиниот услужен карактер и нејзиното претставување како клучна алка во поврзувањето на производниот со транспортниот сектор.

Втората глава од дисертацијата целосно е посветена на системите на правно регулирање на шпедицијата: германскиот, францускиот и англоамериканскиот систем, укажувајќи на спецификите на секој одделно.

Во третата глава, предмет на проучување се домашните и меѓународните извори на правото што го уредуваат договорот за шпедиција, па оттука и статусот на шпедитерот, односно неговите права и обврски. Акцентот е ставен на неодамна усвоената, но сè уште не влезена во сила, Конвенција на ООН за договорите за меѓународен транспорт на стока целосно или делумно преку море (United Nations Convention on Contracts for the Interna-

tional Carriage of Goods Wholly or Partly by Sea - Rotterdam Rules/2009).

Имајќи го предвид постоечкиот критички став инструиран од светската шпедитерската фела и позитивниот став спрема претходните, сè уште важечки, конвенции: Hague Rules/1924, Hague-Visby Rules/1968 и Hamburg Rules/1978, во ова глава е направена компаративна анализа на базичните одредби во однос на идентични прашања од сите три конвенции што го тангираат шпедитерот.

Четвртата глава од докторската дисертација се однесува на едно особено битно прашање за шпедитерот и неговата клиентела, а тоа е шпедитерските обврски од договорот за шпедиција. Бидејќи станува збор за двострано-обврзувачки договор, па она што е обврска за едната страна е право за другата страна и vice versa, во дисертацијата кандидатката се задржува само на обврските на договорните страни. При анализа на ова проблематика, таа тргнува од шпедитерската позиција во сите сфери на дејствување и тоа: обврски по основ на пакување на стоката, нејзиното оштетување, примање и предавање на стоката, прибавување на превозните и другите придружни документи, контролата на исправноста на транспортната и другата документацијата, и како посебно издвоени подрачја, царинењето и осигурувањето на стоката.

Петтата глава се однесува на пропустите и дејствијата на шпедитерот, и неговата одговорност за дејствијата преземени од трети лица. Во секоја од овие потточки, се анализираат видот и обемот на одговорност од одделните сегменти на шпедитерско дејствување: пакувањето на стоката, царинските работи, вршењето на превоз, работите на осигурување, одговорноста кај збирна шпедиција и шпедитерската одговорност за преземање други работи.

Во глава шест, акцентот е ставен на основните шпедитерски документи кои се употребуваат во домашниот и меѓународниот промет на стока. Во ова глава се пристапува кон анализа на секој од поединечните документи со кои оперира шпедитерот, фокусирајќи се на FIATA документите и современите тенденции во шпедитерската документација.

Предмет на анализа и елаборација во глава седум претставуваат специјалните шпедитерски работи. Во ова категорија работи се дефинираат и проучуваат поместувањето на шпедитерот надвор од својот делокруг на работа и тоа: пакување, складирање, контрола на квалитетот и квантитетот на стоката итн.

Во осмата глава се разработуваат обврските на налогодавачот од договорот за шпедиција. Преку обработувањето на ова прашање, кандидатката автоматски го разработува и прашањето за правата на шпедитерот.

Во *деветтата глава* се обработуваат најновите светски трендови на полето на шпедицијата и транспортот. Повикувајќи се на емпиријата и анализите од претходно елаборираните прашања, во ова глава фокусот на влијанието е на глобализацијата и мрежната организираност на шпедитерите и логистичките оператори кои во деловниот свет на површина ги исфрлаат логистичките провајдери и центрите за интегрирани шпедитерски услуги. Тука посебно се расчистуваат дилемите околу *логистиката во производството* што во суштина го сепарира традиционалното од модерното шпедитерство.

Конечно, во *завршните согледувања* д-р Борка Тушевска се обидува во кратки црти, повикувајќи се на истражувањата, анализите и елаборациите од сите претходно наведени глави, да резимира дека позицијата - статусот на шпедитерот во деловниот свет се трансформира во целост. Инструирани од фактичката состојба во деловната практика, анализираните и цитираните арбитражни и судски пресуди, во завршните согледувања се резимираат промените во шпедитерскиот сектор што неодамна преку *Rotterdam Rules/2009* добија своја правна рамка. Последното јасно е изразено преку влијанието што процесот на трансформација и структурална промена го има врз шпедитерскиот и транспортниот бизнис.

Кандидатката д-р Тушевска е член на повеќе наставно-научни комисии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според горенаведеното и врз основа на добиениот впечаток од разгледувањето на поднесената документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата смета дека д-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип се развива во солиден и перспективен научен работник, претставник на помладата генерација научни кадри на Правниот факултет. Таа ги задоволува сите стручни и наставно-научни услови, согласно со позитивните законски прописи за да биде избрана во наставно звање доцент за наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип **да ја избере д-р Борка Тушевска, досегашна асистентка, во звањето доцент за наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Гале Галев, редовен професор, с.р.**
**Д-р Горан Коевски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Војо Беловски, доцент, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Борка Тушевска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| а) Наставно-образовна дејност | | | |
| Позитивно рецензирана скрипта и практикум за вежби по предметот Трговско право | 2 | 2 | 4 |
| Интерна скрипта од вежби | 1 | 2 | 2 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестар во изборниот период) | 75 | 0,2 | 15 |
| б) Научноистражувачка (НИ) дејност: | | | |
| Монографија – Меѓународно-правни аспекти на понудата | 1 | 10 | 10 |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| Одбранета магистерска теза | 1 | 4 | 4 |
| Учесник на научен проект | 3 | 2 | 6 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| Одржано предавање по покана на научна институција | 6 | 2 | 12 |
| в) Стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) дејност | | | |
| Труд во стручно научно-популарно списание:<br>– Понуда на неопределени лица – општа понуда<br>– Логистички шпедитерски оператор како перспектива на класичниот шпедитер<br>– Молчењето како начин на изјавување волја<br>– Правната способност на друштвото по отворањето на стечајната постапка<br>– Акредитивот како средство за плаќање во меѓународниот промет<br>– Мерки на одбрана од непријателско преземање акционерски друштва<br>– Правната рамка на мултимодалниот транспортен оператор и правните односи помеѓу учесниците во мултимодалниот транспорт<br>– Нечесните клаузули во договорното право | 8 | 2 | 16 |
| Техничко унапредување:<br>Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес – Integrating IT tools in teaching process | 1 | 2 | 2 |
| Член на наставно-научен совет на Правен факултет | 1 | 2 | 2 |
| Раководител на студент на студентска манифестација | 1 | 1 | 1 |
| Член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание | 1 | 2 | 2 |
| Член на уредувачки одбор на зборник на научни трудови | 1 | 2 | 2 |
| Член на комисија на студентски натпревар | 3 | 1 | 3 |
| **ВКУПНО** | | | **97** |